Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 17.04.2020

На 16.04.2020 во 10.45 часот, полициски службеници од СВР Скопје во близина на продажен објект на ул.„Бранислав Нушиќ" го лишиле од слобода Б.И.(25) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него биле пронајдени предмети за кои постои основано сомнение дека потекнуваат од кривично дело „кражба". По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.04.2020 во 19.10 часот на наплатна станица Гостивар од полициски службеници од Полициска станица Гостивар била приведенаБ.Ј.(30) од с.Стар Балин дол, гостиварско, која била лице со здравствени проблеми, бидејќи истата се однесувала агресивно и се заканувала со нож дека ќе ги нападне полициските службеници при вршење работи од областа на безбедноста. Набрзо Б.Ј. била пренесена во Психијатриска клиника во Скопје.

На 16.04.2020 во 09.00 часот на ул.„Методија Митевски" во Скопје патничко воизло „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, управувано од А.А.(58) од Скопје удрило во пешак И.А.(75) од Скопје. По незгодата, пешакот бил пренесен во Градската општа болница „Св.Наум Охридски", каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на незгодата извршила екипа од СВР Скопје.

На 16.04.2020 во СВР Скопје, Х.С.(33) од Скопје пријавил дека на ул.„Емин Дураки"во Скопје, неговиот двегодишен син бил каснат од куче скитник во пределот на левата рака.

На 16.04.2020 во СВР Скопје, А.А.(22) од Скопје пријавил дека на ул.„167" во Скопје бил каснат од куче скитник во пределот на десната рака.

На 16.04.2020 во 13.05 часот во СВР Охрид, И.П.(29) од Охрид пријавил дека од страна на непознати лица со патничко возило „фолксваген голф" бил грабнат неговиот брат Б.П.(33) од населба Рача - Охрид. Притоа, тој добил порака да даде пари за да биде пуштен брат му. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.04.2020 околу 14.00 часот во Полициска станица Петровец, Е.Л.(39) од с.Чифлик, скопско, кој бил повреден во ногата, пријавил дека во 13.45 часот на место викано „Шамак", во атар на с.Петровец, скопско, по претходна меѓусебна расправија, Х.С.(19) од с.Петровец, со пиштол му пукал во ногата. Полициски службеници излегле на местото на настанот каде бил пронајден Х.С., со повреда на главата од тап предмет, кој изјавил дека бил нападнат од Е.Л., кој потоа сам си пукал во ногата. На Е.Л, Х.С. и неговата сестра Ф.С., за која не е познато како се здобила со повреди, им е укажана лекарска помош во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" и Комплекс клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Увид извршила увидна екипа од СВР Скопје, а за настанот е известен Јавен обвинител. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.04.2020 во 11.40 часот во СВР Скопје, В.К.(39) од Скопје, пријавил дека во 11.00 часот пред продажен објект на ул.„Благое Паровиќ" во Скопје бил физички нападнат од непознато лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.04.2020 во 10.00 часот во Полициска станица Кисела Вода, Љ.С.(64) од Скопје пријавил дека во с.Сопиште, скопско, бил каснат од куче скитник во пределот на потколеницата.

На 17.04.2020 во 06.15 часот на магистралниот пат Охрид – Кичево, кај с.Другово, кичевско, во близина на место викано „Разделна станица", се случила сообрајќајна незгода помеѓу трактор „тафе", без регистарски ознаки, управуван од М.Р.(59) и патничко возило „опел мерива", со кичевски регистарски ознаки, управувано од Л.С.(50), и двајцата од с.Другово. По незгодата, М.Р. бил пренесен во болницата „Св.Еразмо" во Охрид, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на незгодата извршила увидна екипа од Полициска станица Кичево.

На 16.04.2020 во 14.27 часот во СВР Штип, М.К.(21) од Штип пријавил дека околу 14.10 часот во круг на фабрика на ул.„Гоце Делчев" во Штип бил физички нападнат од М.С. од с.Кучичино, Општина Чешиново - Облешево. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.04.2020 во 16.20 часот во СВР Штип било пријавено дека околу 15.20 часот во Итна медицинска помош во Пробиштип бил донесен Ј.А.(61) од Пробиштип, кој се здобил со повреда при работа во фабрика во Пробиштип. Повредениот бил пренесен во Клиничката болница во Штип, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Пробиштип.

На 16.04.2020 во 23.30 часот во Полициска станица Радовиш, Т.К.(47) од Радовиш, кој претходно бил лишен од слобода поради сторено кривично дело по чл.206 од Кривичниот законик, при обид да биде задржан во просториите на Полициската станица, физички ги нападнал полициските службеници. По целосно документирање на случајот, против него ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет